РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 28.04.2025 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 10 | 1907/1 | | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Контролен;
2. **Субјект на надзорот:** Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот:** 25 април 2025 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 28 април 2025 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 98 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации - нови рекламни техники);
   - **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/15);
6. **Претходно изречена мерка:**

   *На 11.04.2025 година, за непочитување членот 98, став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членот 14 став 4 од Правилникот за нови рекламни техники, Советот на Агенцијата донесе решение за изрекување мерка – јавна опомена (Уп1. бр.03-126 од 11.04.2025 година) на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје.*

   *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 10 (десет) дена по приемот на решението (14.04.2025 г.) да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*
7. **Констатации од надзорот:**

   Со контролниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 25 април 2025 година, на државно ниво, е констатирано дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) **<u>во целост постапил по решението за изрекување мерка - јавна опомена</u>,** односно ја отстранил извршената повреда на член 98 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Правилникот за нови рекламни техники.
8. **Опис на прекршувањето: /**
9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***